Врз основа на член 8-а став (1) и член 86 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 јануари 2020 година, издаде

ЛИЦЕНЦА
за приредување на игри на среќа во автомат клуб

1. На Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје МУ СЕ ИЗДАВА лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб, во деловната просторија која се наоѓа на ул.„11-ти Октомври" бр.1 во Ресен, за период од шест години.

2. Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје во автомат клубот ќе постави 21 автомат за игри на среќа на кои може да учествува еден учесник и 1 автомат за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе учесници (електронски рулет).

3. Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје Е ДОЛЖНО да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

4. Доколку Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје не започне со приредување на игрите во рокот од точката 3, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

5. Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје Е ДОЛЖНО да го плати надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата и тоа 50% од надоместокот во износ од 39.375 евра во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата, односно:

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од една година од денот на приемот на лиценцата;

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од две години од денот на приемот на лиценцата;

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од три години од денот на приемот на лиценцата;

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од четири години од денот на приемот на лиценцата;

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од пет години од денот на приемот на лиценцата и

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од шест години од денот на приемот на лиценцата.

6. Доколку Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје не плати 50% од надоместокот, односно не го плати износот од 39.375 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.

7. Доколку Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје не ги плаќа годишните рати во износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во роковите од точката 5, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

8. Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје Е ДОЛЖНО да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 22.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

9. Доколку Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопј не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

10. Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје Е ДОЛЖНО, на месечна основа, да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот.

11. Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје Е ДОЛЖНО, на месечна основа, за финансирање на спортот да плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Агенцијата за млади и спорт и за финансирање на здравствената заштита да плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Министерството за здравство.

12. Оваа лиценца ќе се објави на интернет страницата на Министерството за финансии.

13. Со донесувањето на оваа Лиценца престанува да важи Лиценцата бр.42-5130/1 од 18.07.2014 издадена од Владата на Република Македонија

Образложение

Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје до Министерството за финансии поднесе барање бр.13-9836/1 од 01.11.2019 година и дополнувања на барањето бр.13-9931/1 од 05.11.2019 година, бр.13-9836/3 од 18.11.2019 година, бр.13-9836/4 од 27.11.2019 година, бр.13-9836/5 од 02.12.2019 година и бр.13-9836/6 од 10.12.2019 година за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб.

Кон барањето подносителот ги достави следните документи:

-договор за основање на Друштво со ограничена одговорност склучен на ден 10.10.2007 година помеѓу содружниците на друштвото Горанче Дангев, Невенка Дангева и Васил Дангев;

-договори за зголемување на влог од 01.06.2010 година;

-одлука за зголемување на основната главнина од 01.06.2010 година донесена од содружниците на друштвото Горанче Дангев, Невенка Дангева и Васил Дангев;

-договор за основање на Друштвото Про-Бетинг ДОО Скопје (пречистен текст) од 01.06.2010 година склучен помеѓу содружниците на друштвото Горанче Дангев, Невенка Дангева и Васил Дангев;

договори за зголемување на влог од 10.08.2010 година;

-одлука за измени и дополненија на Договорот на Друштвото ПРО-БЕТИНГ ДОО Скопје од 10.08.2010 година донесена од содружниците на друштвото;

-договор за основање на Друштвото Про-Бетинг ДОО Скопје (пречистен текст) од 10.08.2010 година склучен помеѓу Горанче Дангев, Невенка Дангева, Васил Дангев и Кохман Харалд;

-одлука за намалување на основната главнина врз основ на делумно ослободување на содружниците од обврската за целосна уплата на влоговите од 20.05.2014 година донесена од содружниците на друштвото Горанче Дангев, Невенка Дангева, Васил Дангев и Кохман Харалд;

-одлука за измена на договорот за основање на Друштвото ПРО-БЕТИНГ ДОО Скопје од 20.05.2014 година донесена од содружниците Горанче Дангев, Невенка Дангева, Васил Дангев и Кохман Харалд;

- одлука за измена на договорот за основање на Друштво ПРО-БЕТИНГ ДОО Скопје од 19.05.2014 година донесена од содружниците Горанче Дангев, Невенка Дангева, Васил Дангев и Кохман Харалд;

-одлука за намалување на основната главнина врз основ на делумно ослободување на содружниците од обврската за целосна уплата на влоговите од 19.05.2014 година донесена од содружниците на друштвото Горанче Дангев, Невенка Дангева, Васил Дангев и Кохман Харалд;

-договор за основање на друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (пречистен текст) од 20.05.2014 година склучен од содружниците Горанче Дангев, Невенка Дангева, Васил Дангев и Кохман Харалд;

-договор за пренос на удел со обезбедување (засновање заложно право врз недвижен имот) со извршна клаузула склучен на ден 19.07.2016 година помеѓу Кохман Харалд од Виена Р. Австрија и Панче Јакимов од Скопје;

-одлука за зголемување на основачки влог во друштвото од 06.06.2019 година;

-договор за внесување на нов паричен влог и непаричен влог склучен на ден 06.06.2019 година помеѓу содружниците Горанче Дангев и Невенка Дангева;

-договор за основање на Друштво со ограничена одговорност ДОО (пречистен текст) склучен на ден 16.08.2016 година помеѓу содружниците Панче Јакимов, Горанче Дангев, Васил Дангев и Невенка Дангева;

-одлука за зголемување на основачки влог во друштвото од 23.07.2019 година донесена од содружниците на друштвото Панче Јакимов, Горанче Дангев, Васил Дангев и Невенка Дангева;

-договор за основање на Друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 23.07.2019 година склучен помеѓу содружниците на друштвото Панче Јакимов, Горанче Дангев, Васил Дангев и Невенка Дангева;

-одлука за зголемување на основачки влог во друштвото од 30.11.2019 година;

-договор за основање на Друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 30.11.2019 година склучен помеѓу содружниците на друштвото Панче Јакимов, Горанче Дангев, Васил Дангев и Невенка Дангева;

-одлука за намера за намалување на основната главнина на Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје од 02.12.2019 година;

-договор за основање на Друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 02.12.2019 година склучен помеѓу содружниците на друштвото Панче Јакимов, Горанче Дангев, Васил Дангев и Невенка Дангева;

-решение и тековна состојба број 35020190027461 од 02.12.2019 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-извод бр.32 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 10.05.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, извод бр.33 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 13.05.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, извод бр.34 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 14.05.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, извод бр.35 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 15.05.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, извод бр.36 за промени на состојбата на средствата на

сметка на ден 16.05.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, извод бр.37 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 17.05.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, извод бр.38 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 20.05.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, извод бр.39 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 21.05.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, извод бр.40 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 23.05.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, извод бр.41 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 27.05.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје, извод бр.60 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 28.11.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје и извод бр.62 за промени на состојбата на средствата на сметка на ден 30.11.2019 година издаден од НЛБ банка АД Скопје;

- договор бр.KR2017/84097 за одобрување на потрошувачки кредит склучен на ден 25.07.2017 година помеѓу НЛБ Банка АД Скопје и Горанче Дангев;

- Нотарски акт Договор за купопродажба на недвижен имот ОДУ.бр.187/13 од 24.04.2013 година склучен кај нотар Ивана Катевеновски од Скопје помеѓу Дангев Горанче (продавач) и Влакевски Игор (купувач);

- извод бр.001 за промените и состојбата на средствата на сметка на ден 12.11.2019 година издаден од Капитал Банка АД Скопје;

- договор бр.KR2018/62951 за одобрување на потрошувачки кредит склучен на ден 14.06.2018 година помеѓу НЛБ Банка АД Скопје и Невенка Дангева;

- извод бр.001 за промените и состојбата на средствата на сметка на ден 13.11.2019 година издаден од Капитал Банка АД Скопје;

- Нотарски акт Договор за продажба на недвижен имот ОДУ.бр.22/08 од 23.01.2008 година склучен кај нотар Снежана Сарџовска од Скопје помеѓу Панче Јакимов (продавач) и Тони Неделковски (купувач);

-договор за закуп на деловен простор склучен на ден 17.03.2009 година помеѓу Панче Јакимов како закуподавател и Универзитет Американ Колеџ Скопје како закупоприматeл;

- Нотарски акт Договор за продажба на недвижен имот ОДУ.бр.119/16 од 12.05.2016 година склучен кај нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје помеѓу Панче Јакимов (продавач) и Маријо Јуришиќ (купувач);

-извештај за проценка на апарати за игри на среќа, подвижни предмети, транспортно средство и софтверско моделарно решение за игри на среќа бр.1754-2019 од 02.12.2019 година изготвен од Друштвото за проценка и вештачење „ВИЗИЈА-Т“ ДООЕЛ Скопје;

- купопродажен договор за употребувана казино опрема од 26.08.1996 година заверен кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29162/2018 од 23.11.2018 година, царинска декларација од 21.05.2009 година заверена кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29226/2018 од 23.11.2018 година, купопродажен договор склучен на ден 20.02.2009 година помеѓу ТВИНС 2007 ДООЕЛ Струмица и Горанче Дангев од Скопје заверен кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП

29218/2018 од 23.11.2018 година, договор склучен помеѓу ЕМ Секјурити, преставувана од Горанче Дангев и Про Бетинг ДОО Скопје заверен кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29224/2018 од 23.11.2018 година, договор за отстапување склучен помеѓу Ем Секјурити и Про Бетинг ДОО Скопје заверен кај нотар Џеват Бучи бр.УЗП 29224/2018 од 23.11.2019 година, потврда од 14.07.2002 година издадена од Бајеришер-Минхен виц.АРД ФС-Студио-Виена заверена кај нотар Џеват Бучи бр.УЗП 29223/2018 од 23.11.2019 година, царинска декларација од 11.03.2009 година заверена кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29234/2018 од 23.11.2018 година, царинска декларација од 31.03.2009 година заверена кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29228/2018 од 23.11.2018 година, документ преведен од постојан судски преведувач Абдилџемил Саити од 13.12.2013 година заверен кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29237/2018 од 23.11.2018 година, документ издаден од CompAxis заверен кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29230/2018 од 23.11.2018 година, фактура бр.2 од 30.11.2019 година, фактура бр.4 од 30.11.2019 година, фактура бр.36 од 27.05.2019 година, фактура бр.38 од 27.05.2019 година, фактура бр.40 од 27.05.2019 година, фактура бр.42 од 27.05.2019 година, фактура бр.0054/13 од 28.02.2013 година заверена кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП29130/2019 од 10.12.2019 година, царинска декларација од 01.03.2011 година заверена кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП29134/2018 од 10.12.2019 година и сообраќајна дозвола бр.МК 0023103 од 08.07.2013 година издадена од МВР Скопје, сметко-потврда од 22.01.2008 година, сметко-потврда од 13.02.2008 година, сметко-потврда од 19.03.2008 година, сметко-потврда од 25.03.2008 година, сметко-потврда од 14.04.2008 година, сметко-потврда од 17.04.2008 година, сметко-потврда од 12.05.2008 година, сметко-потврда од 19.08.2008 година, сметко-потврда од 15.10.2008 година, сметко-потврда од 23.10.2008 година, сметко-потврда од 16.09.2008 година, сметко-потврда од 22.09.2008 година, сметко-потврда од 26.09.2008 година, сметко-потврда од 18.09.2008 година, сметко-потврда од 30.09.2008 година, сметко-потврда од 03.10.2008 година, сметко-потврда од 14.10.2008 година, сметко-потврда од 16.10.2008 година, сметко-потврда од 17.10.2008 година, сметко-потврда од 21.10.2008 година, сметко-потврда од 24.10.2008 година, сметко-потврда од 27.10.2008 година, сметко-потврда од 03.11.2008 година, сметко-потврда од 06.11.2008 година, сметко-потврда од 10.11.2008 година, сметко-потврда од 13.11.2008 година, сметко-потврда од 14.11.2008 година, сметко-потврда од 20.01.2009 година, сметко-потврда од 21.01.2009 година и сметко-потврда од 27.01.2009 година и фактура бр.3 од 30.11.2019 година;

- правила за игри на среќа на автомати и електронски рулет донесени од Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје;

- извештај за состојба на сметката на imателот на сметката (солвентност) бр.1403-68/1 од 12.11.2019 година издаден од Капитал банка АД Скопје;

- декларација за прием на плата од 08.11.2019 година, декларација за прием на плата од 07.10.2019 година, декларација за прием на плата од 30.08.2019 година, декларација за прием на плата од 09.08.2019 година, декларација за прием на плата од 12.07.2019 година и декларација за прием на плата од 11.06.2019 година, издадени од Управата за јавни приходи;

- Програма за спречување перење пари и финансирање тероризам бр.02-230/1 од 31.12.2018 година донесена од Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ“ ДОО увоз-извоз Скопје;

- извод бр.012 за промените и состојбата на средствата на сметка на ден 11.11.2019 година издаден од Капитал банка АД Скопје;

- решение бр.27-18/01190-2322/2 од 17.10.2019 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

- 22 уверенија за техничка исправност на автоматите за игри на среќа издадени од Друштвото за услуги, испитување и анализа „МПГ ГРУП“ ДООЕЛ Скопје;

- потврда бр.05-083957/19-0002 од 18.11.2019 година издадена од Царинската Управа на Република Северна Македонија;

- уверение за платени даноци и придонеси бр.27-137/6624/3 од 10.12.2019 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0817-19/2247-1 од 25.10.2019 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-10/6849-1 од 15.11.2019 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120190054527 од 25.10.2019 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120190054529 од 25.10.2019 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот Регистар на Република Северна Македонија;

- информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-22/549 од 29.10.2019 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија

- уплатници ПП 50 за платена административна такса во вкупен износ од 650 денари.

Постапувајќи по поднесеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија и на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб има уплатено основна главнина во износ од 3.267.498,00 евра видно од решение и тековна состојба број

35020190027461 од 02.12.2019 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија. Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје на ден 02.12.2019 година донесе одлука за намера за намалување на основната главнина, со која го намалува непаричниот влог за износ од 686.147,00 евра. По намалувањето, главнината на Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје ќе изнесува 2.581.351,00 евра и ќе се состои од непаричен влог во износ 2.293.731,00 евра и паричен влог во износ од 287.620,00 евра видно од решението број 35020190027461 од 02.12.2019 година.

На подносителот на барањето не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност, видно од потврдите бр.0817-19/2247-1 од 25.10.2019 година, бр.0808-10/6849-1 од 15.11.2019 година, бр.0808-50/150120190054527 од 25.10.2019 година и бр.0808-50/150120190054529 од 25.10.2019 година од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Со доставената информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-22/549 од 29.10.2019 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, врз основа на податоците искажаната во годишна сметка за 2018 година, споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Со доставената Програма за спречување перење пари и финансирање тероризам бр.02-230/1 од 31.12.2018 година донесена од Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје, се определуваат правилата, процедурите и упатствата за примена на мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

Од уверението за платени даноци и придонеси бр.27-137/6624/3 од 10.12.2019 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и потврдата бр.05-083957/19-0002 од 18.11.2019 година издадена од Царинската Управа на Република Северна Македонија, се констатира дека трговското друштво ги има подмирено јавните давачки по основ на даноци, царини и придонеси за задолжително социјално осигурување.

Од доставеното Решение бр.27-18/01190-2322/2 од 17.10.2019 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје, се утврди дека деловната просторија која се наоѓа ул.„11-ти Октомври" бр.1 во Ресен ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во автомат клуб.

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за издавање на лиценца за приредување игри на среќа во автомат клуб, видно извештај за состојба на сметката на

имателот на сметката (солвентност) бр.1403-68/1 од 12.11.2019 година издаден од Капитал банка АД Скопје.

Трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во периодот од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето, видно од декларација за прием на плата од 08.11.2019 година, декларација за прием на плата од 07.10.2019 година, декларација за прием на плата од 30.08.2019 година, декларација за прием на плата од 09.08.2019 година, декларација за прием на плата од 12.07.2019 година и декларација за прием на плата од 11.06.2019 година, издадени од Управата за јавни приходи.

Од доставениот извод бр.012 за промените и состојбата на средствата на сметка на ден 11.11.2019 година издаден од Капитал банка АД Скопје, се утврди дека паричните средства кои ќе се уплатат на име надоместок за добивање на лиценца, се од тековно работење на друштвото.

Потеклото на средствата на основната главнина се утврди од следната документација:

Од договорот за основање на Друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 30.11.2019 година склучен помеѓу содружниците на друштвото Панче Јакимов, Горанче Дангев, Васил Дангев и Невенка Дангева се утврди дека Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз има основна главнина во износ од 3.267.498,00 евра, од кои 2.979.878,00 евра се непаричен влог а 287.620,00 евра се паричен влог.

Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје на ден 02.12.2019 година донесе одлука за намера за намалување на основната главнина, со која го намалува непаричниот влог за износ од 686.147,00 евра, за што е започната постапка за намалување на основната главнина видно од решението со деловоден број 35020190027461 од 02.12.2019 година издадено од Централниот регистар на Република Северна Македонија. По намалувањето, главнината на Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје ќе изнесува 2.581.351,00 евра и ќе се состои од непаричен влог во износ 2.293.731,00 евра и паричен влог во износ од 287.620,00 евра.

На ден 02.12.2019 година од страна на Друштвото за проценка и вештачење „ВИЗИЈА-Т" ДООЕЛ Скопје изготвен е извештај за проценка на апаратите за игри на среќа, подвижни предмети, транспортното средство и софтверското моделарно решение за игри на среќа бр.1754-2019 од 02.12.2019 година, со кој се проценува вредноста на основната главнина во износ од од 2.293.731,00 евра, и тоа: влог во машини, опрема, подвижни предмети во износ од 1.232.675,00 евра и транспортно средство во износ од 35.000 евра внесени од содружникот Горанче Дангев, влог во опрема и софтвер во износ од 924.190,00 евра внесени од содружникот Панче Јакимов, влог во подвижни предмети во износ од 50.933,00 евра внесени од содружникот Васил Дангев и влог во подвижни предмети во износ од 50.933,00 евра внесени од содружникот Невенка Дангева.

Од купопродажниот договор за употребувана казино опрема од 26.08.1996 година заверен кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29162/2018 од 23.11.2018 година, царинска декларација од 21.05.2009 година заверена кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29226/2018 од 23.11.2018 година, купопродажен договор склучен на ден 20.02.2009 година помеѓу ТВИНС 2007 ДООЕЛ Струмица и Горанче Дангев од Скопје заверен кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29218/2018 од 23.11.2018 година, договор склучен помеѓу ЕМ Секјурити, преставувана од Горанче Дангев и Про Бетинг ДОО Скопје заверен кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29224/2018 од 23.11.2018 година, договор за отстапување склучен помеѓу Ем Секјурити и Про Бетинг ДОО Скопје заверен кај нотар Џеват Бучи бр.УЗП 29224/2018 од 23.11.2019 година, потврда од 14.07.2002 година издадена од Бајеришер-Минхен виц.АРД ФС-Студио-Виена заверена кај нотар Џеват Бучи бр.УЗП 29223/2018 од 23.11.2019 година, царинска декларација од 11.03.2009 година заверена кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29234/2018 од 23.11.2018 година, царинска декларација од 31.03.2009 година заверена кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29228/2018 од 23.11.2018 година, документ преведен од постојан судски преведувач Абдилџемил Саити од 13.12.2013 година заверен кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29237/2018 од 23.11.2018 година, документ издаден од CompAxis заверен кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП 29230/2018 од 23.11.2018 година, фактура бр.2 од 30.11.2019 година, фактура бр.4 од 30.11.2019 година, фактура бр.36 од 27.05.2019 година, фактура бр.38 од 27.05.2019 година, фактура бр.40 од 27.05.2019 година, фактура бр.42 од 27.05.2019 година, фактура бр.0054/13 од 28.02.2013 година заверена кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП29130/2019 од 10.12.2019 година, царинска декларација од 01.03.2011 година заверена кај нотар Џеват Бучи од Скопје под бр.УЗП29134/2018 од 10.12.2019 година и сообраќајна дозвола бр.МК 0023103 од 08.07.2013 година издадена од МВР Скопје се утврди потеклото на подвижните ствари и транспортното средство кои се внесени во основната главнина на друштвото од содружникот Горанче Дангев.

Од сметко-потврдата од 22.01.2008 година, сметко-потврдата од 13.02.2008 година, сметко-потврдата од 19.03.2008 година, сметко-потврдата од 25.03.2008 година, сметко-потврдата од 14.04.2008 година, сметко-потврдата од 17.04.2008 година, сметко-потврдата од 12.05.2008 година, сметко-потврдата од 19.08.2008 година, сметко-потврдата од 15.10.2008 година, сметко-потврдата од 23.10.2008 година и сметко-потврдата од 16.09.2008 година се утврди потеклото на подвижните предмети внесени во основната главнина на друштвото од содружникот Невенка Дангева.

Од сметко-потврдата од 16.09.2008 година, сметко-потврдата од 22.09.2008 година, сметко-потврдата од 26.09.2008 година, сметко-потврдата од 18.09.2008 година, сметко-потврдата од 30.09.2008 година, сметко-потврдата од 03.10.2008 година, сметко-потврдата од 14.10.2008 година, сметко-потврдата од 16.10.2008 година, сметко-потврдата од 17.10.2008 година, сметко-потврдата од 21.10.2008 година, сметко-потврдата од 24.10.2008 година, сметко-потврдата од 27.10.2008 година, сметко-потврдата од 03.11.2008 година, сметко-потврдата од 06.11.2008 година, сметко-потврдата од 10.11.2008 година, сметко-потврдата од 13.11.2008 година, сметко-потврдата од 14.11.2008 година, сметко-потврдата од 20.01.2009

година, сметко-потврдата од 21.01.2009 година и сметко-потврдата од 27.01.2009 година се утврди потеклото на подвижните предмети внесени во основната главнина на друштвото од содружникот Васил Дангев.

Од фактурата бр.3 од 30.11.2019 година и договорот за пренос на удел со обезбедување (засновање заложно право врз недвижен имот) со извршна клаузула склучен на ден 19.07.2016 година помеѓу Кохман Харалд од Виена Р.Австрија и Панче Јакимов од Скопје се утврди потеклото на влогот во опрема и софтвер внесени во основната главнина на друштвото од содружникот Панче Јакимов.

Од изводот бр.32 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 10.05.2019 година, изводот бр.33 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 13.05.2019 година, изводот бр.35 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 15.05.2019 година, изводот бр.36 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 16.05.2019 година, изводот бр.37 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 17.05.2019 година, изводот бр.38 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 20.05.2019 година, изводот бр.39 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 10.05.2019 година, изводот бр.40 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 23.05.2019 година и изводот бр.41 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 27.05.2019 година издадени од НЛБ Банка АД Скопје се утврди дека паричниот влог во износ од 3.341.000,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Горанче Дангев од Скопје. Од изводот бр.34 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 14.05.2019 година, изводот бр.40 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 23.05.2019 година, издадени од НЛБ Банка АД Скопје се утврди дека паричниот влог во износ од 748.000,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Невенка Дангева од Скопје. Од изводот бр.60 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 28.11.2019 година и извод бр.62 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 30.11.2019 година, издадени од НЛБ Банка АД Скопје се утврди дека паричниот влог во износ од 13.607.600,00 денари е од уплата на основачки влог од страна на содружникот Панче Јакимов од Скопје.

Од договорот бр.KR2017/84097 за одобрување на потрошувачки кредит склучен на ден 25.07.2017 година помеѓу НЛБ Банка АД Скопје и Горанчо Дангев, Нотарскиот акт Договор за продажба на недвижен имот ОДУ.бр.187/13 од 24.04.2013 година склучен кај нотар Ивана Катевеновски од Скопје помеѓу Дангев Горанче (продавач) и Влакевски Игор (купувач) и извод бр.001 за промените и состојбата на средствата на сметка на ден 12.11.2019 година издаден од Капитал Банка АД Скопје се утврди дека паричниот влог на Горанче Дангев од Скопје во износ од 3.341.000,00 денари потекнува од кредит, продажба на недвижен имот и приходи од работење.

Од договорот бр.KR2018/62951 за одобрување на потрошувачки кредит склучен на ден 14.06.2018 година помеѓу НЛБ Банка АД Скопје и Невенка Дангева и извод бр.001 за промените и состојбата на средствата на сметка на ден 13.11.2019 година издаден од Капитал Банка АД Скопје се утврди дека паричниот

влог на Невенка Дангева од Скопје во износ од 748.000,00 денари потекнува од кредит и приходи од работење.

Од Нотарскиот акт Договор за продажба на недвижен имот ОДУ.бр.22/08 од 23.01.2008 година склучен кај нотар Снежана Сарџовска од Скопје помеѓу Панче Јакимов (продавач) и Тони Неделковски (купувач), договор за закуп на деловен простор склучен на ден 17.03.2009 година помеѓу Панче Јакимов како закуподавател и Универзитет Американ Колеџ Скопје како закупоприматели и Нотарскиот акт Договор за продажба на недвижен имот ОДУ.бр.119/16 од 12.05.2016 година склучен кај нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје помеѓу Панче Јакимов (продавач) и Маријо Јуришиќ (купувач) се утврди дека паричниот влог на Панче Јакимов од Скопје во износ од 13.607.600,00 денари потекнува од продажба на недвижен имот и закупнини.

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува на приредување на игри на среќа во автомат клуб, што произлегува од доставените правила за игри на среќа на автомати и правила за игри на среќа на електронски рулет донесени од Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје кои се во согласност со член 92 став (1) и (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Од доставените 22 уверенија издадени од Друштвото за услуги, испитување и анализа „МПГ ГРУП" ДООЕЛ Скопје се утврди дека поставените автомати во автомат клубот се технички исправни за употреба.

Согласно член 89 од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите автомати, без оглед на тоа дали тие се сместени во една или повеќе деловни простории на приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, така што системот обезбедува точни податоци за уплатата и исплатата на секој од автоматите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Од доставеното мислење бр.22-1383/1 од 20.02.2015 година од Управата за јавни приходи, Генерална дирекција Скопје се утврди дека Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје има обезбедено надзорен информациски систем и е поврзано со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје.

Според член 2 точка 23) од Законот, игри на среќа во автомат клуб се игри кои се приредуваат на автомати, електронски рулети и други апарати со повеќенаменска улога и добивка („мултиплеер") и на системот на автоматите кој подразбира поврзување на поголем број автомати поради формирање на единствен џек пот со исти и истовремени можности на сите учесници во играта. Според точка 24) од истиот член, автомати за игри на среќа со повеќенаменска

улога и добивка („мултиплеер") се механички, електронски или слични уреди на кои учесниците во игрите на среќа со уплата на одреден износ (жетон, метални пари или непосредна уплата на благајна, односно на автоматот) имаат можност за добивка.

Согласно член 25 став (1) точка 1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Министерството за финансии постапува по поднесени барања за издавање на лиценци и дозволи за приредување на игри на среќа и за забавни игри.

Во согласност со член 87 став (1) од Законот, лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб се издава за период од шест години, поради што се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 10 став (1) од Законот, трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на играта на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Во спротивно, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 3 и 4 од диспозитивот на оваа лиценца.

Врз основа на член 87 став (2) од Законот, за добивање на лиценца се плаќа надоместок во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата. Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, во спротивно ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа не го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 5, 6 и 7 од диспозитивот на оваа лиценца.

Приредувачот на игри на среќа, согласно член 18 став (1) од Законот, за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ кој за соодветната игра на среќа е утврден со овој закон, во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата и во истиот рок доказот за депонираниот депозит или банкарската гаранција да ги достави до Министерството за финансии. Согласно член 13 став (1) точка 9) од Законот, доколку приредувачот на игрите на среќа не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 8 и 9 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 94 став 1 и 2 од Законот, за приредување на игрите на среќа во автомат клуб приредувачот на игри на, на месечна основа, плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, поради што се одлучи како во точката 10 од

диспозитивот на оваа лиценца. Приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, на месечна основа, за финансирање на спортот плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Агенцијата за млади и спорт и за финансирање на здравствената заштита плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Министерството за здравство, поради што се одлучи како во точката 11 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 12 од Законот, издадените лиценци за приредување на игри на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии, поради што се одлучи како во точката 12 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 8-а став (1) од Законот, приредувачот на игри на среќа на кој му е издадена лиценца за приредување на игри на среќа од страна на Владата на Република Македонија, може да поднесе барање за добивање на нова лиценца пред истекот на рокот на важноста на постојната лиценца. Со издавањето на новата лиценца, престанува да важи постојната лиценца на приредувачот, поради што се одлучи како во точката 13 од диспозитивот на оваа лиценца.

Со оглед на тоа што Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ“ ДОО увоз-извоз Скопје достави комплетна документација, Министерството за финансии предлага Владата на Република Северна Македонија да ја издаде лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ“ ДОО увоз-извоз Скопје.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

Бр.44-173/1
21 јануари 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски